


**Малешевијата во минатото**

Составување на младенците.

- Овој чин во Малешевијата се изведува вака: Кога младоженецот во недела наутро сака да оди на венчавање уште во неговата куќа му даваат заклучен катинар, кој тој го обесува за врвката на своите гаќи (учкур), а клучот го зема некоја баба (од роднините). Катинарот му се дава затворен за ниедна маѓесница да не може да му направи да биде немоќен пред невестата.

На денот на свадбата остануваат кумот и деверот последни, а сите други си одат. Ако кумот е оженет, по вечерата невестата му потура да се измие. Потоа невестата им бакнува рака на сите што вечерале по што кумот ја води во собата што е подготвена за младоженците. Тука кумот наредува младите да ги слечат своите горни облеки, и ги прегледува дали има некоја измама. Потоа ја прашува невестата дали претходно имала односи со некого. Кога таа ќе рече дека немала тогаш тој ќе го посоветува момчето, најпрвин само да ја бакне невестата, а потоа да ги прави сите други работи. Потоа кумот си оди, а младите ги остава сами. Додека младите се забавуваат деверите внимаваат никој да не ги вознемирува младите. Ако деверите не внимаваат може младоженецот да им ги земе капите и да не им ги дава додека не дадат бакшиш. Кога деверите ќе му јават на кумот дека се` е готово, сите тројца одат да ја прегледаат кошулата на невестата.

Ако се` е во ред се објавува со пукање од пушка, а во времето на ропство кога не смеело да се пука тоа се правело со палење na слама од рж. Веднаш тапаните почнуваат да тапаат или гајдите да свират и со тоа соопштуваат дека тој чин е завршен. Потоа

невестата се облекува и оди да им потури вода на кумот, свекорот и свекрвата да се измијат. Тогаш кумот ја прашува дали знае кои се тие лица. Таа му одговара дека тие се тате и мама.

Кога невестата им потура вода од нив добива пари што ги фрла во садот во којшто се миеле. Во тоа време други отстрана фрлаат пепел за тој што се мие да не се измие брзо.

Ако било рано и до зората имало уште доста време сите одат на спиење, но кумот ги советува младоженците таа ноќ повеќе да немаат односи.

Ако невестата не била чесна ја враќале на нејзините родители со тоа што тие ги плаќале сите трошоци што се направени на свадбата. Некаде се погодувале, и од таткото на невестата барале извесна сума пари или нива (ако на тоа се согласел младоженецот).

Нечесната невеста обично кумот ја прашува со кого имала односи? – Ако таа каже тоа се објавува по целото село. Може невестата да рече дека останала нечесна од својот сегашен младоженец.

Ако нечесноста на невестата ја сокрие кумот, свекорот и свекрвата (што и се случувало понекогаш) тоа се смета за грев и општо е мислењето дека во куќата влегла несреќата. Се верува дека тогаш волкот ќе ја дави нивната стока.

Понекогаш невестата се брани, ако тоа излезе на суд, дека момчето и е неспособно (а тоа вели дека три пати ја пробал). Власта може и да ги измири (кога таткото на невестата ќе даде пари или машина за шиење).

Кога ќе се докаже дека невестата била чесна настанува вистинско одушевување со викање, тропање, песни и сл. Тогај најголема радост чувствуваат деверите зашто во тој случај во понеделникот ќе биде нивното вистинско деверско царство, а и инаку повторна веселба – за сите вчерашни гости.

Дали некоја невеста како девојка била чесна за тоа жените најпрвин дознаваат и потоа долго раскажуваат во своето место и по околијата. (Затоа што тие случаи не се кријат, денес има влијание на девојките да се чуваат. На тој начин ќе се врати стариот морал - а се верува дека веќе навистина се враќа).

И во Пијанец (околија Царево-селска) се внимава дали девојката била чесна или е расипана (бесчесна). Ако се докаже дека не била чесна се бара црно магаре, за кое добро се плаќа (обично долго се бара, макар и во друго село) и таквата невеста го јавнува, свртена кон опашката и се враќа во нејзината фамилија. И свирачите внимаваат дали девојката е расипана. Тие тогаш при свирењето со разни гестови покажуваат каква била невестата.

Кога невестата како девојка била чесна на сите гости им се дава топла ракија со шеќер (блага – ракија). Гостите обично тој ден ги прашуваат свекорот и свекрвата каква им е невестата? – Тие одговараат: Добра е! – На тоа гостите додаваат: „Е кога е при вас мора да е добра“! Свекрвата уште погорда на таквиот одговор забележува: дека оваа невеста и на друго место би била добра, но кај неа мора да биде најдобра. Тогаш се слушаат и разни шеги на сметка на невестата во форма на изреки: „Кога доведеш една снаа, опрегни една пола, а кога доведеш две тогаш запрчи ракави“. На тоа сите се смеат, а невестата се прави дека не слуша.

Тој ден деверите одат во куќата на невестата каде што носат некој предмет од невестата (на пр. гривна) нешто од храната и од благата – топла ракија (блага ракија). Кога ќе влезат во куќата на мајката на невестата и` даваат блага ракија (а таа веќе по тоа знае дека ќерка и била чесна), при што извикува: чесна е! Потоа деверите тука ручаат и кога ќе тргнат назад на невестата и` носат специјален дар (колачи, погача, шеќер, огледало и др.). Кога зетот, невестата и другите гости ќе видат дека деверите (на враќање) се во близина на куќата излегуваат пред нив со свирачите и ги молат (како и кумот) да се симнат од коњот и да им ги дадат дарови што ги донесле. Деверите ги мачат околу половина час да трчаат по нив и да им се поклонуваат.

Тој ден невестата оди со девојките и деверите за прв пат да донесе вода. Откако деверот ќе налее вода во садот и ќе ја остави на земјата, пред невестата, таа му се поклонува на садот и го турка со ногата, по што водата се истура. Тогаш девојките пеат:

Девер вода налива,

снаха вода разлива.

Девер и` се молеше:

- Снахо ле, мила снаичко,

не ми разливај водата,

зашто е скапо платена,

една капка жолтица,

една чаша, стотица.

Откако ќе се вратат дома од вода се изнесува плетенката, која се става на масата и околу неа се игра, пеејќи песни за новата невеста, за која не се знае дали ќе биде добра или лоша. Во една песна се кажува како треба да прави добрата невеста, а во друга во вид на шега се пее за лоша работа на друга невеста.

Еве ги тие песни:

Мори невесто тенка шиблико!

Сокол долита од ваше село,

абер донесе од твојо татко:

- Арно да гледаш твој стари свекор,

да го почиташ като башчица;

арно да гледаш твоја свекрва,

да ја почиташ като мајчица.

Пример за лоша невеста (во шега):

Вчера е доведена младата невеста,

оцутра станала и се провикнала:

- Свекре, море свекре, ѓиди море ветре,

да би те фанала, брада ти скубала!

Свекрво, свекрво, ѓиди гнидотила (вошки и гниди)

да би те фанала глава изрешила, (прочешала, да останат белези)

изрешила би ти с решалица гребен,

јатрво, јатрво, гиди маалџико (што скита по маалите)

ѓиди махалџико, ѓиди коматуше;

од махала дојдеш, за комат се фанеш.

На золва викнала: Золва, мари золва!

Ѓиди тропни ракло, ѓиди лижи саан (орман да чкрипи; лижи чинии)

На деверо викала: девере, девере!

Ѓиди троши рало, ѓиди губи тесла!

На јунако викала: јуначе, јуначе,

да би те фанала кожа би ти драла!

Кожа камилешка, фаша биволешка,

па ќе да је носа на новие пазар!

Кога ќе се отпее и оваа песна ја кршат плетенката, (откако претходно ја ставаат на главата некому кој има живи родители) и од плетенката секој сака да добие по едно парче (особено оној што сака скоро да се ожени). Со ова свадбата е завршена.

Кога кумот и старосватот си одат од савадбата во своите куќи се испраќаат со свирачите.

*Од книгата „Малешево и Малешевци“ од Јеремије Павловиќ, Београд 1929 г.*

**Марко Китевски**